Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на дел дневните настани 19.03.2022

Одделенијата за криминалистички работи во Единиците за внатрешни работи при СВР Скопје во содејство со Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа Скопје, во текот на изминатата недела преземаа мерки и активности по претходно подготовени планови за спречување на социопатолошката појава „питачење" при што лишени од слобода биле Ј.Д.(44) и Н.Ј.(30) двете од Скопје поради тоа што биле затекнати како заедно со своите малолетни деца питачат на улица на подрачјето на Скопје. Со нив бил извршен службен разговор и по целосното документирање на случајот ќе следат кривични пријави поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело"запуштање и малтретирање на малолетно лице" по чл.201 од КЗ на РСМ.

На 18/19.03.2022 полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје и Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје постапуваа по акциски план за спречување на кривични дела по чл.215 и 216 од КЗ на РСМ на подрачјето на град Скопје извршија контрола во угостителски објекти и бил извршен преглед над дваесетина лица по што лишени од слобода биле: А.С.(19), Ф.А.(25), Н.С.(31), А.А.(24) сите од Скопје, А.М.(26) од Битола, Д.Г.(27) од Куманово и М.М.(22) од Гостивар како и еден малолетник од Скопје поради тоа што кај нив биле пронајдени кокаин, амфетамин, марихуана и бела гручеста материја. По целосното документирање на случајот ќе следат соодветни поднесоци. Засилените контроли продолуваат и во наредниот период.

На 18.03.2022 во 06.15 часот на подрачје на Бит Пазар од полициски службеници од Полициска станица Бит Пазар при СВР Скопје е лишен од слобода Џ.Б.(48) од Скопје. По претходно издадена судска наредба од Основен суд Скопје е извршен претрес во неговиот дом, каде се пронајдени предмети поврзани со десет кривични дела „Кражба" казниви по чл.235 од Кривичниот законик на подрачјето на Центар и Бит Пазар, при што за дел од кривичните дела е извршено и препознавање од страна на оштетените. На Џ.Б. од судија на претходна постапка му е одредена мерка притвор.

На 18.03.2022 во 16.05 часот во с. Ливоиште, охридско од полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција- Одделение за недозволена трговија со дрога и оружје и СВР Охрид е лишен од слобода Х.Д.(29) од с. Ливоиште поради постоење основано сомнение дека сторил кривично дело „Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" казниво по чл.396 од Кривичниот законик затоа што кај него се пронајдени и одземени еден ловен карабин „заводи црвена застава" кал.8x57 мм и 56 куршуми различен калибар. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.03.2022 во 12,30 часот на Граничниот премин „Делчево", поради илегално преминување на државната граница приведен е Ц.Б.Б.(54) од Р.Бугарија, кај кого е пронајдена бугарска патна исправа и турска лична карта (на име С.О.). Лицето било приведено и предадено на полициски службеници од Полициската станица Делчево за понатамошна постапка.

На 18.03.2022 во 19.05 часот било пријавено дека во с.Визбегово-скопско Б.Б.(50) од Скопје додека управувал мопед паднал од него. Во несреќата тој се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Градската општа болница "Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 18.03.2022 во 22.15 часот на подрачјето на Гази Баба од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода Р.С.(36) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 18.03.2022 во 17.15 часот на подрачјето на Петровец од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода Ф.Т.(34) од Куманово затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 18.03.2022 во 17.50 часот било пријавено дека на магистралниот пат Радовиш-Штип се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило "опел астра" со штипски регистарски ознаки, управувано од К.Т.(63) од Штип, и патничко моторно возило "фиат пунто", со велешки регистарски ознаки, управувано од И.М.(36) од с.Сливник-велешко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобиле возачот К.Т. и сопатникот од возилото "фиат пунто" А.Ш.(50) од с.Сливник-велешко, а со телесни повреди се здобил возачот И.М. констатирани во Клиничкиот центар во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Радовиш.

Во текот на вчерашниот ден (18.03.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 297 возачи. Од нив 14 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а две возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 206 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 91 надвор од населено место.

На 18.03.2022 во 21.45 часот Љ.М.(59) од Скопје, пријавил дека околу 12.30 часот во гаража на ЈСП-Скопје, на подрачјето на Ѓорче Петров додека извршувал работни активности во гаражата на ЈСП, каде бил вработен како бравар, бил нападнат со тврди предмети од страна на Д.А.(исто вработен во ЈСП). Според пријавеното, напаѓачот бил спречен од страна на Р.Г.(вработен во ЈСП) кој во моментот бил присутен во работната просторија, заедно со друг вработен. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.03.2022 во 10,05 часот во СВР Охрид, Д.Д.(61) од Струга, вработен како анестезиолог во ЈЗУ„Специјализирана болница за нефрологија"-Струга, пријавил дека на 17.03.2022 во временски период од 17,00 часот до моментот на пријавување, непознат сторител со употреба на предмет насилно дејствувал на цевките на централниот довод за гасови на машинската кука до салата за операција во болницата, така што прво била оштетена надворешната обвивка, потоа во внатрешноста од цевката насилно биле исечени бакарните цевки кои произведувале медицински гас до операционата сала во зградата и потоа го напуштил местото на настанот. Извршен бил увид од увидна екипа на Полициската станица Струга. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.03.2022 во 04.20 часот кај Транспортен центар во Скопје од полициски службеници од ЕВР Кисела Вода бил лишен од слобода Т.А.(37) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело "тешка кражба" во патничко моторно возило. Имено на 15.03.2022 во временскиот период од 14.30 до 15.30 часот на подрачјето на Кисела Вода пријавениот со употреба на сила и погоден предмет од патничко моторно возило "мерцедес" со скопски регистарски ознаки одзел повеќе предмети и документи.По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 18.03.2022 во 19.15 часот во СВР Битола, од страна на претставници од ЈУМЦСР заедно со оштетеното лице, 17 годишна малолетничка било пријавено дека истиот ден околу 11.30 часот додека била во семејниот дом во Битола, настанала расправија помеѓу малолетничката и нејзиниот очув С.М., по што физички ја нападнал. Известен бил Јавен обвинител. Се работи на расчистување на случајот.

На 19.03.2022 во 02.20 часот во Охрид од страна на полициски службеници од СВР Охрид бил лишен од слобода Х.Б. од с.Косел-охридско поради тоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосното документирање на случајот, ќе следи соодветен поднесок.

На 18.03.2022 во 22.30 часот во Струга полициски службеници извршиле преглед на паркирано патничко моторно возило "бмв" со охридски регистарски ознаки, паркирано од Н.Т., а како совозач бил Д.В.,двајцата од Охрид. По извршен преглед, кај Н.Т. биле пронајдени и одземени пиштол "берета"со калибар 9 мм, куршуми, боксирач, два електрошока со футроли и еден нож. Лицата се приведени во полициска станица и по целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 18.03.2022 во 23.10 часот Б.Ѓ.(32) од с.Злести-Дебрца пријавил дека околу 21.40 часот во Охрид во близина на фитнес клуб бил физички нападнат од С.К. и С.К., двајцата од Охрид, а едниот од напаѓачите фрлил метален предмет кон пријавителот и скршил стакло од влезната врата од објектот. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.03.2022 во 21.00 часот пред трговски центар на подрачјето на Аеродром од полициски службеници од Одделението за криминалистички работи Аеродром бил приведен малолетник од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени две кривични дела разбојништво. Тој заедно со уште едно лице во аптеки на бул.„Јане Сандански" и трговски центар на подрачјето на Аеродром со закана со остар предмет од вработените одзел пари. Кај него биле пронајдени пари и предмети кои потекнуваат од кривичните дела.По целосното документирање на случајот ќе биде поднесена содветна пријава.

На 18.03.2022 во 23.50 часот Џ.Т.(19) од с. Г.Оризари-велешко пријавил дека околу 23.30 часот пред угостителски објект во Велес бил физички нападнат од Б.Р. од с.Мелница. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.03.2022 во 23.30 часот во Полициска станица Центар е пријавено дека во угостителски објект на подрачје на Центар по претходно недоразбирање е нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу женско лице И.Ф.Г.(37) и Д.Д.(40) двајцата од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.03.2022 во 23.50 часот во Полициска станица Аеродром Г.О.(46) од Скопје пријавил дека околу 23.15 часот во близина на угостителски објект на подрачје на Аеродром неговиот син бил физички нападнат од едно лице.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.03.2022 во 23.10 часот во Полициска станица Аеродром М.П.(21) од с.Кучевиште, скопско пријавил дека околу 22.50 часот пред зграда на паркинг простор на подрачје на Аеродром по претходно недоразбирање околу паркинг бил физички нападнат од С.Л. (51) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 19.03.2022 околу 11.15 часот од полициски службеници од Полициска станица Стар Дојран при Регионален центар за гранични работи Југ на подрачје на планината Беласица во реон на с. Дурутли пронајдени се 45 лица мигранти (од кои 28 лица од Пакистан, 11 лица од Индија и шест лица од Сиера Леоне). Лицата се бидат пренесени во Транзитен центар Виојуг.

На 19.03.2022 во 00.30 часот во СВР Тетово бил приведен Ф.И.(42) од Тетово кој најпрво го нарушил јавниот ред и мир на излегување од казино, а потоа и агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 18.03.2022 во 16.15 часот С.А.(19) од с.Теарце-тетовско пријавил дека во Тетово по претходно недоразбирање околу сообраќај бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.03.2022 во 23.40 часот 17 годишна малолетничка од с.Г.Палчиште во присуство на нејзин родител пријавила дека во угостителски објект во Тетово по претходна расправија била физички нападната од три женски лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 18.03.2022 во 20.30 часот во Полициска станица Бит Пазар С.А.(25) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечил нејзиниот невенчан сопруг Б.И.(25). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 18.03.2022 во 17.00 часот во Полициска станица Карпош М.М.(53) од Скопје пријавил дека околу 13.30 часот на подрачје на Карпош неговиот син бил физички нападнат од неколку лица, од кои двајца од нив познавал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.03.2022 во 16.25 часот во Полициска станица Гази Баба Д.К.(21) од с. Кадино, скопско пријавил дека околу 11,45 часот на подрачје на Гази Баба бил нападнат од едно лице со тврд предмет, кое му го оштетило и прозорецот од неговото возило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет